РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1374/2
10-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1374/1 од 24.04.2025 година, со наводи за незаконско одземање на сопственост на стан и незадоволство од постапување на институциите, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување по однос на предметниот случај од причина што за истите предметни наводи веќе е постапено од Државната комисија и донесена е одлука од нејзина надлежност.

Предметот со број 12-1374/1 од 24.04.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 24.04.2025 година, до ДКСК е поднесена пријава со наводи за незаконско одземање на сопственост на стан и незадоволство од постапување на институциите, по која е оформен предмет број 12-1374/1.

Во доставената пријава изнесени се наводи во врска со заштита на недвижен имот на лицето Стојанка Билеска од Скопје, кој го купил во 1997 година од двајца сопружници, а врз кој понатаму била активирана хипотека и на незаконски начин преминал во сопственост на Штедилница Дикуко ДОО Скопје –во ликвидација. Подносителот на пријавата се сомнева во работењето на институциите и бара ревизија на работењето на катастарот, како и да се утврди дали при постапувањето по предмет по барање на Штедилница Дикуко ДОО Скопје – во ликвидација е постапено согласно Закон или не.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, констатирано е дека ДКСК веќе постапила по истите предметни наводи содржани во предмет број 12-982/1 од 09.02.2022 година и на 86-та седница одржана на ден 05.05.2023 година има донесно Одлука со која е одлучено дека постапката по предметот се запира -ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право и од истите не произлегува дека е загрозен јавниот интерес од страна на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, како и дека по предметниот случај постапиле други органи кои се надлежни да постапуваат и во тек е постапка пред Судскиот Совет на Република Северна Македонија по претставка поднесена од страна на подносителот на пријавата.
Одлуката по постапениот предмет е со број 12-1130/2 од 11.05.2023 година и истата е доставена до подносителот на пријавата, како и е објавена во деперсонилизарана форма на веб страницата на ДКСК во законски предвидениот рок.

Со оглед на погоре констатираното, ДКСК оцени нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што веќе е постапено и одлучено по истите предметни наводи во предмет со број 12-982/1 од 09.02.2022 година кој е затворен и архивиран.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: Ј.Ц,раководител на одделение
Согласен: м-р. И.П., раководител на Сектор
Одобрил м-р Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата